**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување на возила кои се превозуваат на сопствен погон

КЛ-крг-15
12-1-мк

[1] Ова осигурување се договара од „складиште до складиште“ според Општите услови за осигурување на стока во превоз.

[2] Според овие Посебни услови, осигурувачот покрива штети настанати поради:
- а) сообраќајна незгода;
- б) пожар;
- в) експлозија (освен нуклеарна експлозија);
- г) елементарна непогода;
- д) кражба на целото возило или делови од возилото и опремата;
- ѓ) зли намери од трети лица;
- е) кршење, вдлабнување и/или гребаници.

[3] Ако не се договори поинаку, осигурувачот ќе ја надомести штетата со 1% одбитна франшиза по возило.

[4] Настанатата штета мора да биде утврдена со записник кој го составуваат примачот и возачот / превозникот, во присуство на претставник на осигурувачот или негово овластено лице.

[5] За сè друго се применуваат одредбите од Општите услови за осигурување на стока во превоз.